ПРЕДЛОГ

# Годишен извештај за работењето на

# Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2019 година

Скопје, април 2020 година

## Содржина

1. Основање.....3

2. Мисија.....3

3. Визија.....3

4. Состав на Советот во 2019 година.....3

5. Надлежности на Советот.....4

6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2019 г......5

7. Лиценцирање.....7

8. Учество на членови на Советот и вработени во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија.....8

9. Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Македонија....8

10. Меморандуми за соработка.....10

11. Меѓународна активност на Советот за 2019 година...Error! Bookmark not defined.

12. Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план 14

13. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2019 година.....104

## 1. *Основање*

Заради унапредување и надзор на ревизијата, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за финансии основаше Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18).

## 2. *Мисија*

Советот има за цел преку стручни анализи, препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизија, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети, а со тоа да се минимизираат потенцијалните ризици со што се влијае кон подобрување на целокупната бизнис клима во Република Северна Македонија.

## 3. *Визија*

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување висококвалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Северна Македонија.

## 4. *Состав на Советот во 2019 година*

Мандатот на членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор за уште еден мандат. Владата на Република Северна Македонија на 17.07.2019 година , го разреши претседателот на Советот Премтим Исени на негово барање. За в.д. претседател на Советот на 24.07.2019 година Владата го назначи Ване Цветанов. Во текот на 2019 година Советот работеше во следниот состав на членови претставници на институции:

1. Илија Андовски – в.д. член, претставник од Народната Банка на Република Северна Македонија;
2. Дарко Блажевски – в.д. член, претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување;
3. Анета Трајановска – в.д. член, претставник од Комисијата за хартии од вредност;
4. Николаки Миов – в.д. член, претставник од Институтот на овластени ревизори на Р.М.(ИОРРМ);
5. Зорица Божиновска – Лазаревска – в.д. член, претставник од Институтот на овластени ревизори на Р.М.(ИОРРМ) и

6. Благој Христов – член, претставник на големите стопански субјекти.

## 5. *Надлежности на Советот*

Согласно со членот 8 од Законот за ревизија, Советот ги извршува следниве работи:

- донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
- донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
- издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
- иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;
- дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија нивно изменување и дополнување;
- го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија и преку учество во комисијата на Институтот надлежна за контрола;
- го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот;
- ја следи постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
- врши надзор над Институтот;
- изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;
- дава насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
- ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од Законот за ревизија;
- ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
- воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
- донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот;
- донесува годишен план за вработување на државни службеници;
- донесува годишен план на обуки за сите вработени;
- одлучува за други прашања за вработените; и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот на Советот.

Советот е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

## 6. *Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2019 година*

Во текот на извештајната година Советот освен што ги реализира планираните активности во Годишната програма за 2019 година ги изготви следните акти и ги реализираше следните активности:

1. Стратегиски план за развој на Советот 2020-2022
2. Функционална анализа
3. Деловник за работа на Советот
4. Правилник за внатрешна организација за работа на Советот
5. Колективен договор на вработените во стручната служба на Советот
6. Правилник за систематизација на работните места во Советот
7. Изготвување на интерни процедури за работа на Советот
8. Годишен план за работа за 2020 г.
9. Се спроведоа аналитички истражувања во делот на практицирањето на дефиницијата за Правните Лица од Јавен интерес (ПЛЈИ) од страна на ревизорите и се лоцираа слабостите на сегашната дефиниција за ПЛЈИ.
10. Се реализираа истражувања за начинот на спроведувањето на контролата на квалитет согласно Директивата 2014/56/ЕУ и Регулативата ЕУ 537/2014 за законските ревизии и консолидираните извештаи во повеќе сродни регулаторни тела од ЕУ со цел со конкретни предлози базирани на резултатите од истражувањата активно да партиципира во изработката на новиот Закон за ревизија.
11. Се зголеми степенот на почитување и спроведување на Закон за ревизија, од страна на субјектите кои имаат обврска да вршат ревизија. Советот со преземените конкретни мерки придонесе за зголемување на бројот на извршени ревизии за повеќе од 100 нови извршени законски ревизии односно за зголемување од 12%.

Советот донесе тригодишен Стратегиски план 2020 – 2022 година во кој јасно се дефинирани целите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, како и начините/патот за развој на ревизорскиот систем во Република Северна Македонија.

Стратегискиот план е изработен врз база на темелна анализа на состојбите, имајќи ги предвид пред се' препораките од голем број на домашни и меѓународни експерти.

Во него се предвидени сериозни активности од страна на Советот во соработка со сите засегнати страни, чија крајна цел е градење на ревизорски систем во државата кој ќе биде усогласен со меѓународните стандарди и ќе осигура зголемен квалитет на ревизиите, запазување на принципите на

законитост, јавност и транспарентност и зголемување на степенот на доверба кај инвеститорите и подобрување на бизнис климата во државата.

Со цел да се зголеми репутацијата на фелата во државата, потребно е уредување на состојбите во ревизијата, усогласување со ЕУ законодавството, воспоставување на јасни критериуми за спроведување на ревизиите, утврдување на методологија за спроведување на ревизија, зајакнување на квалитетот на ревизиите, зајакнување на процесот на транспарентност преку воспоставување на механизми за јавно објавување на извештаите, воспоставување на системи за надзор и контрола на спроведените ревизии и мерење на степенот на почитување на меѓународните стандарди.

Во периодот на спроведување на стратегискиот план, се очекува донесување на новиот Закон за ревизија и неговата практична имплементација, по што ќе следат серија на активности насочени за помош на субјектите, како и за зајакување на надзорот во однос на неговата примена.

Исто така, во наведениот период се планирани да отпочнат активни подготовки за зајакнување на капацитетите на Советот како институционален регулатор и во областа на сметководството. За таа цел ќе биде изработена и посебна стратегија за подобрување на состојбите во сметководствената професија, со преземање на конкретни активности за примена на меѓународните сметководствени стандарди од страна на сметководителите.

За реализација на споменатите цели, потребно е спроведување на серија активности преку кои што ќе се гарантира нивната реализација и слободно ќе може да се очекуваат позитивните ефекти од предвидените и очекуваните резултати.

Стратегиски план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија претставува водич за членовите на Советот и вработените во стручната служба на Советот во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицира потреба од анализа на програмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Оттука се наметнува потребата од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на Советот.

Стратегискиот план се донесе со цел да се олеснат и забрзаат процесите на донесување на краткорочни одлуки, а со секојдневните активности на најдобар начин ќе се придонесува кон остварување на долгорочните цели на Советот.

Стратегискиот план ќе се ревидира секоја година и претставува основа при изготвување на Програмата за работа на Советот за наредните години.

Процесот на стратешко планирање на Советот се состоеше од организирање обука за стратешко планирање на вработените во Стручната служба на Советот и неколку менторски сесии за комплетирање на стратегискиот план кои се реализираа во периодот август-септември 2019.

Советот одржа вкупно дваесет и една седница и тоа 14 редовни и 7 електронски седници. На седниците се донесени мислења, одлуки и решенија по однос на работата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија како и други одлуки кои произлегуваат од законските надлежности на Советот.

7. ***Лиценцирање***

Согласно законските надлежности кои произлегуваат од член 8 став (1) точка 1), а се поврзани со членовите 23, 24 и 25 од Законот за ревизија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија врз основа на своите јавни овластувања издава и одзема лиценци за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор трговец – поединец врз основа на внатрешни акти донесени од страна на Советот.

Советот ги издава лиценците доколку подносителот на барањето за издавање на лиценца ги исполнува условите предвидени со Законот за ревизија. Доколку (правното или физичкото лице) престане да ги исполнува законските услови врз основа на кои се стекнал со лиценца за работа, или по нивно барање, Советот може трајно да ја одзема лиценцата за работа.

Советот може времено или трајно да ја одземе лиценцата за работа и врз основа на дисциплински мерки изречени од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија на друштва за ревизија, овластени ревизори трговци – поединци и овластени ревизори.

Во следнава табела е прикажен бројот на издадени и одземени (времено и трајно) лиценци во текот на 2019 година.

| **Ревизорски субјекти** | **Број на издадени лиценци** | **Број на времено одземени лиценци** | **Број на трајно одземени лиценци** |
|---|---|---|---|
| **Овластени ревизори** | 7 | 5 | 2 |
| **Овластени ревизори трговци - поединци** | 1 | / | / |
| **Друштва за ревизија** | / | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 8 | 6 | 3 |

Советот редовно го известуваше Институтот на овластени ревизори на Република Македонија за секое ново лиценцирање и за секоја изречена дисциплинска мерка во текот на 2019 година, заради обврската која што ја има Институтот на овластени ревизори согласно член 19 од Законот за ревизија за постојано ажурирање на Регистрите на физички и правни лица кои вршат ревизија.

8. ***Учество на членови на Советот и вработени во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија***

Во месец Октомври и Ноември , в.д. претседателот на Советот оствари неколку средби со претставници на министерството за финансии - финансискиот сектор и секторот буџет. Целта на средбите беше Министерството за финансии да се запознае со проблемите со кои се соочува Советот заради констатирани делумни или целосни неприменливи одредби од постојниот Закон за ревизија, како и давање на предлози за унапредување на неговите одредби со цел да се зајакне квалитетот на ревизијата и нејзиниот надзор. При тоа беше остварен договор претставници на Советот активно да партиципираат при изготвување на новиот текст на Законот за ревизија, пред се имајќи ги во вид и предлозите на ревизорската професија. На средбите беа презентирани и финансиските проблеми со кои се соочува Советот за реализирање на предвидените активности .

9. ***Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)***

Советот како независно и самостојно регулаторно тело на ревизијата во Република Македонија, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија врши надзор над работата на Институтот. При тоа, Советот го врши надзорот непосредно преку учество на член на Советот во Комисијата за контрола на Институтот и учество на Претседателот на Советот во Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор. Посредно Советот го врши надзорот согласно надлежностите утврдени во Законот за ревизија со разгледување и давање мислења предлози и согласност на актите за Институтот.

**9.1. Дадени согласности на актите на Институтот**

Во текот на 2019 година, Советот даде согласност на следните акти на Институтот:

1. Годишна програма за работа на Институтот за 2019 година;

2. Годишен извештај за работата на Институтот за 2018 година;;
3. Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ;
4. Измена на тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот.
5. Годишен план за контрола на квалитет на ревизорските услуги.
6. Годишната и тригодишната програма за работа на комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги на Институтот; и
7. Годишниот извештај за наодите од извршените контроли за 2018 година.

## 9.2. Проверка на извештаите за транспарентност

Како една од основните задачи на Советот е проверката на извештаите за транспарентност кои што согласно Законот за ревизија друштвата за ревизија се должни да ги објавуваат на годишна основа. Стручната служба на Советот согласно Упатството за проверка на извештаите за транспарентност ги проверува извештаите за транспарентност и подготвува Годишен извештај кој се доставува на разгледување од страна на Советот.

Врз основа на извршената проверка на извештаите за транспарентност, Советот врши анализа на поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, го утврдува вкупниот број на вработени кај нив, го утврдува вкупниот приход кој го оствариле друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци во 2018 година, расчленет на четири категории.

Посебен акцент во проверката на извештаите за транспарентност е ставен на анализата на вкупните приходи на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Анализата покажа дека пазарот за ревизија во Република Северна Македонија е зависен од странските ревизорски мрежи. Тоа значи дека постои доволно странска и професионална експертиза при вршењето на ревизија во Република Северна Македонија. Исто така, анализата покажа дека постои висока корелација помеѓу ревизорските услуги и не ревизорските услуги кои друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ги нудат и обезбедуваат на пазарот во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија се застапени 13 странски ревизорски мрежи. Во овие ревизорски мрежи членуваат само друштва за ревизија. Не постојат овластени ревизори – трговци поединци кои се дел од некоја странска ревизорска мрежа.

Вкупниот приход на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци бележи пораст, на сметка на приходот од ревизија кој се намалува.

10. ***Меморандуми за соработка***

На иницијатива на Советот, на 12,11.2019 година в.д. претседателот на Советот Ване Цветанов и деканот на Економскиот факултет ,Скопје Предраг Трпески, склучија меморандум за соработка со цел да се подигне на повисоко ниво ревизорската професија, да се промовира стручноста и знаењето на студентите на Економски факултет – Скопје, како и да се поттикнат и афирмираат областите од заеднички интерес. Со потпишувањето на Меморандумот се очекува дека ќе се зајакнат меѓународните деловни врски ќе се зголеми размената на искуства и ќе се обезбеди достапност на професионалната ревизија. Со потпишување на Меморандумот се обезбедува можност за двонасочна информираност заради остварување на заедничка цел., како и можност да се разменуваат и други информации и податоци, по однос на:

- иницијативите за промена на законската и подзаконската регулатива од областа на ревизијата и сметководството ;
- изработката и донесувањето на законската и подзаконската регулатива од областа на ревизијата и сметководството;
- аплицирање на заеднички домашни и меѓународни проекти од областа на ревизија и сметководството
- учество во заеднички истражувања во областа на ревизијата и сметководството
- размена на информации добиени од независно спроведени истражувања на двете страни
- други информации и податоци поврзани со унапредувањето и надзорот на ревизијата и сметководството кои се од заедничко значење
- организирање на обуки на членовите на Советот, на вработените во стручната служба на Советот и разменување искуства во врска со констатирани наоди кои се од заеднички интерес.
- организирање на заеднички настани како што се работилници, научни конференции и сл.
- пристап до стручната литература и бази на податоци со кои располагаат двете страни.

***11. Меѓународна активност на Советот за 2019 година***

Во текот на 2019 година, Советот презеде бројни активности и иницијативи за воспоставување на соработка со домашни и странски органи, тела и институции од областа на ревизијата. Овие иницијативи на Советот беа преземени во насока на унапредување на ревизорската професија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги во Република Македонија.

Во период од 1 јули до 4 јули 2019 година, во Виена, Автрстија, Претседателот на Советот присуствуваше на работилница EU – Reparis FRCOP workshop "Taking stock of reform implementation and planning" организирана од CFRR на Светска Банка.

Во период од 10 и 11 декември 2019 година, во Виена, Австрија, 2 вработени во стручната служба на Советот учествуваа на работилница на тема Financial Reporting Community of Practice Workshop, во организација на Centre for Financial Reporting Reform (CFRR) на Светска Банка. Целта на наведената работилница беше да се овозможи простор за интерактивна дискусија за имплементација на реформите во сметководството и ревизијата кои го поддржуваат усогласувањето со законодавството на ЕУ и градење на капацитети за финансиско известување во земјите од Западен Балкан во кои спаѓа и Република Северна Македонија. На истата беше искористена можноста за презентација на сегашната состојба со унапредување на ревизорска професија во Северна Македонија, а низ призма на подготовка на новиот Закон за ревизија во кој е примарната цел усогласување со ЕУ Директива и ЕУ Регулатива за ревизија

### *11.1 Работни средби со Претставници на Европска делегација Скопје*

Во текот на 2019 одржани се неколку работни средби со претставниците на Европската Делегација во Скопје.

На средбите беа утврдени насоки за идно продлабочување на соработката помеѓу Советот и ЕУ Делегација во Скопје, со цел активно партиципирање на Советот во процесот на скринингот што го спроведува Европската комисија во Брисел, во процесот на користење на ЕУ предпристапни фондови, што би придонело до побрза и оптимална имплементација на ЕУ Директива и ЕУ Регулатива за ревизија.
Во таа смисла членовите на Советот ги информираа претставниците на ЕУ Делегацијата во Скопје за предлог Проектот на тема "Понатамошно спроведување на ЕУ Директива и ЕУ Регулатива за ревизија во Република Северна Македонија". Беа посочени детали од проектот како и потребата од негово спроведување со цел транспонирање на надлежностите во однос на Контролата на квалитет од Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија во Советот. Како резултат од средбите, беше нагласена приницупијелната и директна логистичка поддршка на представниците на Делегацијата од ЕУ Скопје во практичната реализација на проектот.

### *11.2 Работна средба со претставникот на Светска Банка –ЦФРИ - Виена*

Во април 2019 година одржана е работна средба со Вишиот оперативен директор, претставник од Центарот за реформи во финансиското известување на Светска Банка во Виена, Австрија – г-дин Паскал Фрережак.

На средбата претставникот на Светска Банка ја презентираше новата програма на Центарот за финансиско известување во Виена –„ЕУ РЕПАРИС„ – со цел да се зајакне финансиското известување на малите и средните претпријатија, која се очекува да отпочне за 9 месеци, со активно учество на Советот во истата.

### *11.3 Учество во Објаснувачки скрининг за поглавје 6 – Право на трговски друштва во Европската комисија во Брисел,Кралство Белгија*

Координаторот на стручната служба на Советот и Раководителот на Одделнието за контрола и надзор, во месец октомври 2019 година присустуваа на Објаснувачкиот скрининг за поглавје 6 – Право на трговски друштва. Скирнингот беше одржан во Европската комисија во Брисел, Кралство Белгија во организација на Министерството за проширување и добрососетка политика (DG NEAR) а во координација со Министерството за правда (DG JUST) и Министерството за финанска стабилност (DG FISMA) на Европската Комисија.

Претставниците на стручната служба на Советот активно учестваа во рамките на точка 13 – Анализа на законски ревизии, во кои претставниците на Европската комисија ги презентираа трендовите во развојот на ревизорска професија и начинот на креирањето на политики врзани за ревизија.

### *11.4. Работна посета на Комисијата за јавен надзор над регистрираните ревизори (КНПРО), во Софија, Република Бугарија*

Председателот на Советот и Раководителот на одделение за контрола и надзор во месец октомври 2019 година реализираа работна средба со представниците на Комисијата за јавен надзор на регистрианите ревизори на Република Бугарија.

Работната средба се одвиваше по следните теми:

1. Практичните бугарски искуства во имплементацијата на ЕУ Директивата за ревизија во нивниот закон за ревизија;
2. Практичните бугарски искуства во имплементацијата на ЕУ Регулативата за ревизија;
3. Компаративна анализа на структурата на македонскиот Закон за ревизија со бугарскиот Законот за ревизија;
4. Компаративна анализа на начинот и функционирањето на двете регулаторни тела;
5. Практични бугарски искуства во однос на транспонирањето на контролата на квалитет што се однесува на правните лица од јавни интерес.

На работната средба представниците на бугарското тело понудија директна експертска помош при изработка на новиот Закон за ревизија. Исто така беше договорена реализацијата на помошта, преку организирани тркалезни маси, работилници или јавни дебати во организација на ЕУ Делегација во Скопје.

### *11.5 Иницијатива за учество во заеднички проект на Советот, ИОРРМ И МФ во рамките на ИПА 2 програма – Twinning light проект во организација на ЕУ Делегација во Скопје*

Во месец декември 2019 година в.д. Претседателот на Советот оствари работна средба со таск менаџерот на Секторот за финансиски систем при Европската делегација во Скопје со цел да се добие конкретна помош (во рамките на Предпристапните ИПА 2 програма – Twinning light проект) по следните основи:

1. Експертска помош при изработка на новиот Закон за ревизија со посебен осврт на усогласување на Директивата 2014/56/ЕУ и Регулативата ЕУ 537/2014 за законските ревизии на годишните и консолидираните извештаи.(Со посебен акцент на сеопфатно дефинирање на ПЛЈИ и транспонирање на контролата на квалитет од ИОРРМ во Советот).

2. Експертска помош при изработка на Методологија и Правилници за вршење на контролата на квалитет од страна на Советот.

3. Спроведување на обуки за идни контролори на квалитет (се предлага обучување на 2 овластени ревизори и 4 инспектори од стручната служба на Советот заради формирање на 2 тима) .

4. Експертска помош за подготовка на апликации до меѓународни институции и донатори за обезбедување на техничка помош за Советот – хардверска и софтверска опрема, од разлчен вид на донатори.

Исто така се предложи во проектот да партиципираат следните 3 институции: Министерството за финансии; Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и Институтот на овлатени ревизори на РМ.

Проектот би гласел: „Унапредување на системот на ревизијата во Република Северна Македонија", а во рамките на Предпристапна ЕУ помош - „ИПА 2„ Програма на Европската Комисија – потпрограма „Twinning light„ директно менаџирана од страна на ЕУ Делегација во Скопје, со посредство на Секретаријат на Европски Прашања (СЕП).

### *11.6. Предлог учество во заеднички проект „TAIEX" со Комисијата за јавен надзор на регистрираните ревизори на Република Бугарија*

Во месец ноември 2019 година Советот изготви и достави до СЕП, апликација за учество во проектот „TAIEX" - експертска мисија со бугарската комисија за јавен надзор на регистираните ревизори. Целта на апликацијата е размена на искуства за активностите кои се директно поврзани со воведување и практична имплементација на Директивата 2014/56/ЕУ од Европскиот парламент и Советот на Европска унија од 10.04.2014 за законски ревизии, годишни сметки и консолидирани сметки како и Регулативата 537/2014/ЕУ за специфичните

барања во поглед на законска ревизија за правните лица од јавен интерес, заради изработка на ново квалитетно законско решение. Советот беше известен дека апликацијата е одбиена од страна на стручните служби на DG NEAR во рамките на Европската комисија.

### *11.7 Предлог учество на заеднички проект „TAIEX" со Агенција за јавен надзор над ревизија на Република Словенија*

Во месец ноември 2019 година Советот изготви и достави до СЕП, апликација за учество во проектот „TAIEX" експертска мисија со словенечката Агенција за јавен надзор на ревизијата. Целта на апликацијата беше размена на практични искуства во детеминирањето и ефикасноста на системот на надзор на правните лица од јавен интерес. Советот беше известен дека апликацијата е одбиена од страна на стручните служби на DG NEAR во рамките на Европската комисија.

## *12. Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план*

Имајќи ги во вид Директивата и Регулативата за ревизија на Европската Унија, со кои се ограничува соработката на регулаторните органи, тела и институции на ревизијата од земјите членки на Европската Унија со други регулаторни органи, тела и институции на ревизијата на други т.е. трети земји кои не се членки на Европската Унија, Советот покрена иницијатива пред Европската Комисија за добивање согласност за еквивалентност и адекватност во соработката. Со цел да добие согласност за соработка Советот во наредниот период ќе преговара со Европската Комисија заради интегрирање во европските регулаторни организации од областа на ревизијата.

Советот од 2015 година отпочна активно да преговара за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата и очекува дека наскоро ќе се зачлени во ова организација на глобално ниво. Тоа за Советот ке значи активно и постојано да биде во тек во најновите трендови во ревизијата на глобално ниво и нивно преточување во домашната професионална регулатива од областа на ревизијата. Членството се очекува да се ефектуира по донесување на новиот Закон за ревизија со кој ке биде транспонирана контролата на квалитет од Институтот во Советот , надлежност што претставува услов за членство во . во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата.

## *13.Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2019 година*

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на Буџетската сметка 637 за 2019 година изнесуваат 6.356.862,00 денари, додека на сметката од самофинансирачки активности 787, расходите за 2019 година изнесуваат 1.205.990,00 денари.

***Плати и надоместоци*** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 4.280.951,00 денари, односно 67,34% од вкупните расходи на Буџетската сметка. Истите се однесуваат за исплата на плати за Претседателот на Советот, вработените во стручната служба, како и апанажа за претходниот Претседател.

***Стоки и услуги*** – Расходите за стоки и услуги од Буџетската сметка изнесуваат 2.075.911 денари, а од самофинансирачката сметка изнесуваат 1.152.193 денари. Расходите во рамките на оваа категорија се однесуваат на исплата на патни и дневни расходи за патувања на вработените во земјата и странство, комунални услуги за просторот со кој располага Советот, расходи за материјали и ситен инвентар, расходи за поправки и тековно одржување, расходи за договорни услуги и други тековни расходи.

***Капитални расходи*** – Капиталните расходи на самофинансирачката сметка изнесуваат 53.797 денари. Овие средства беа наменети за исплата на канцелариска опрема за Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

| Група | Расходна ставка | Опис | План на сметката 637 | Реализација на сметката 637 | План на сметката 787 | Реализација на сметката 787 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 3.326.000 | 3.105.308 | - | - |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.230.000 | 1.175.643 | - | - |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **4.556.000** | **4.280.951** | - | - |
| | 420 | Патни и дневни расходи | - | - | 300.000 | 176.911 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 520.000 | 519.680 | 500.000 | 419.747 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | - | - | 150.000 | 96.946 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | - | - | 85.000 | 53.085 |
| | 425 | Договорни услуги | 1.100.000 | 1.098.355 | 345.000 | 250.383 |
| | 426 | Други тековни расходи | 480.000 | 457.876 | 200.000 | 155.148[1] |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **2.100.000** | **2.075.911** | **1.580.000** | **1.152.193** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | - | - | 100.000 | 53.797 |
| | 483 | Купување на мебел | - | - | 20.000 | - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | | Капитални расходи | - | - | 120.000 | 53.797 |
| ВКУПНО | | | 6.656.000 | 6.356.862 | 1.700.000 | 1.205.990 |

| | |
|---|---|
| Број 01/113-1<br>10.04. 2020 година<br>Скопје | в.д. Претседател на Советот,<br>Ване Цветанов |

[1] Постои разлика помеѓу реализираните средства и сумата во трезорската евиденција во Министерството за финансии, бидејќи од сметката 787, ставка 426, Советот користи материјални средства. Неискористените средства, односно разликата се пренесува како готовина во 2020 година.